# ОТВОРЕН ПОВИК

# ЗА

# ИЗРАБОТКА НА КРАТОК ДОКУМЕНТАРЕН ФИЛМ

Во рамки на проектот ,,Да зборуваме за климатските промени”, спроведуван од Еко-свест, ЦНВП Македонија и ДЕМ, финансиран од Европската Унија и активностите кои Еко-свест ги спроведува за потребите на проект „Промовирање на енергетска транзиција во С. Македонија’’, објавуваме повик за **изработка на краток документарен филм за енергетската транзиција во земјата.**

## ЦЕЛ НА АКТИВНОСТА

Цел на оваа активност е прикажување на моменталните процеси и потенцијалите за енергетска транзиција во регионите со јаглен во земјата како начин за доближување на влијанието кое овие региони го имаат врз климатските промени.

## ЗАДАЧИ

Избраната компанија/организација треба да:

• Да соработува и да ги следи насоките за изработка на видеото од лицето назначено за комуникација од Еко-свест

• Да изработи еден краток документарен филм или видео репортажа во времетраење од 30-60 минути кој ја објаснува енергетската транзиција и можностите за праведна транзиција на регионите со јаглен во земјата

• Да го презентира краткиот документарен филм или видео репортажа пред нарачателот и да го модифицира во согласност со дадените насоки од нарачателот

• Да го предаде краткиот документарен филм или видео репортажа во соодветен формат (висока дефиниција – HD и верзија за споделување на социјални медиуми) и во договорениот рок.

## ВРЕМЕНСКА РАМКА И ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Времето на изработка на видео содржината е еден месец по потпишување на договорот.

Вредноста на договорот не може да надмине 3500 евра во денарска противвредност без ДДВ.

Проектот е ослободен од ДДВ.

**ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА АПЛИЦИРАЊЕ**

При аплицирањето, заинтересираните компании/организации треба да достават:

1. Краток опис на компанијата/организацијата

2. Финансиска понуда (Анекс 1).

Целокупната документација треба да биде доставена на македонски јазик во електронска форма.

**КРИТЕРИУМИ ЗА АПЛИКАНТИТЕ**

Компанијата/организацијата која аплицира мора да ги исполнува следниве критериуми:

1. Активна компанија/организација која е формирана согласно Законите во Северна Македонија, и постои најмалку 1 година.

**ЕВАЛУАЦИЈА НА КАНДИДАТИТЕ**

Евалуационата комисија ќе ги извести само оние кандидати чија понуда ќе биде избрана. Канидатите ќе бидат оценувани по следните критериуми:

- Претходно искуство

- Понудена цена по ставка

Договор ќе биде склучен со онаа компанија/организација која освоила најголем број бодови во соодност квалитет на понуда и цена.

**ПРИЈАВУВАЊЕ**

Комплетната понуда, апликантите треба да ја испратат на email: elena@ekosvest.com.mk **најдоцна до 12 ноември 2020 г. 16:00 часот,** со назнака Апликација за изработка на краток документарен филм.

Некомплетни понуди или понуди испратени по предвидениот рок нема да бидат земени во предвид.

Повеќе информации можете да добиете на тел. 070 205 431

*Анекс 1*

**Финансиска понуда**

| | Ставка | Цена со ДДВ | Цена без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1 | Изработка на краток документарен филм | | |
| 2 | Да го достави до нарачателот за коментари | | |
| 3 | Корекција на документарниот филм со вклучени коментари од нарачателот | | |
| **ВКУПНО** | | | |